# Твининг проект: „Зајакнување на среднорочно буџетирање за ефективно управување со јавните финансии“

## Подобрување на Фискалната стратегија



*Работилница—Подобрување на Фискалната стратегија*

Експертска мисија се спроведе во периодот 14 - 18 март 2016 од страна на г-дин Сами Јултинен од Финска. Дискусиите и презентациите за време на мисијата главно се фокусираа на:

- Предуслови и елементи за ефективна среднорочна буџетска рамка: на кои предуслови и елементи властите треба да посветат внимание;
- Фискални ризици: како треба да се дискутираат фискалните ризици и истите да бидат презентирани на пример, во Фискалната стратегија;
- Содржината на Фискалната стратегија и среднорочната буџетска рамка: што треба да содржи Фискалната стратегија за најдобро да ја поддржи среднорочната буџетска рамка и какви промени би требало да се направат во буџетскиот календар.



*Работилница со г-дин Сами Јултинен*

На 16 март 2016, 14 претставници од повеќе сектори на Министерството за финансии учествуваа на работилница која се фокусираше на градење на среднорочна буџетската рамка. На работилницата беше презентирана потребата за среднорочна буџетска рамка и на кој начин таа треба да се изгради. Г-дин Јулитинен презентираше практични примери од други земји како и некои барања на ЕУ за нумерички фискални правила, годишен календар и национален среднорочен фискален план.

Во рамки на мисијата, се одржа уште една работилница на 17 март 2016 година со фокус на давање идеи за тоа како да се подобри содржината на Фискалната стратегија. На оваа работилница учествуваа 15 претставници од различни сектори кои се вклучени во креирањето на Фискалната стратегија.

За време на работилницата експертот презентираше Нацрт Фискална Стратегија (документ со примери на поглавја и табели кои би требало да бидат вклучени). Идејата е да се подобри пристапноста и транспарентноста на презентирање на податоци на среднорочно ниво. На работилницата беа дадени и препораки за тоа како треба да се ревидира буџетскиот календар, за подобро да се поддржи процесот на среднорочното планирање.

## Оддржан првиот состанок на Управниот комитет!

Првиот состанок на Управниот комитет се одржа на 14 март 2016 година. За време на состанокот, членовите имаа можност да дискутираат за Кварталниот извештај и активностите кои беа спроведени во рамки на проектот, а во периодот од 01.12.2016 – 29.02.2016.

На состанокот беа споделени позитивни впечатоци за почетокот на проектот, ефикасната соработка со сите заинтересирани страни, конструктивните дискусии и посветеноста кон резултати. Покрај ова, членовите разговараа и за планираните активности за наредните 6 месеци. Беше истакнато дека во наредниот период предизвик ќе бидат велигденските и летните одмори, закажаните избори како и зафатеноста околу подготовката на буџетот.



*Прв состанок на Управен комитет, 14 Март 2016*

## Фокус на програмска класификација….

Активност 1.1 „Идентификување на стратешки програми, правни документи, и дефинирање на програми„ продолжи со имплементација со фокус на подготовка на програмска класификација во пилот области.



*Работен состанок со Државен завод за статистика*

Во периодот од 11 - 14 април 2016 година, г-ѓа Ирена Ростан и г-ѓа Катја Лаутар од Словенија работеа на програмска класификација за пилот областа животната средина и просторното планирање, а започнаа и со земјоделство и шумарство како нова пилот област. За време на мисијата експертите соработуваа со буџетските аналитичари од Секторот за буџет и фондови. Состанок за размена на мислења се оддржа со Министерството за животна средина каде што се објаснија идеите за направената класификација. Се изработи нова програмска класификација врз основа на информациите добиени од Министерството.

Во областа на земјоделството првиот нацрт на програмската структура со 4 програми и 10 потпрограми беше дефиниран, а главните активности беа групирани по политики (највисоко ниво), програми (средно ниво) и потпрограми (најниско ниво).

Експертите поминаа низ сите институции, буџетските корисници од областа на земјоделството (нивните стратешки планови, буџетски програми), како и индикатори на статистичките податоци. Во рамки на мисијата се одржа работен состанок со Министерството за земјоделство, каде што беа презентирани првите нацрт верзии.

## Поврзување на стратешко планирање со програмска класификација !

Во период 18 - 21 април 2016 година, се имплементираа експертски мисии од страна на г-ѓа Моника Гепл од Австрија, г-дин Митја Гаспари и г-дин Франци Клузер од Словенија.

Главната цел беше да се разгледаат и анализираат релевантните постоечки правни документи, постоечката документацијата за буџетско планирање и стратешките документи, а со цел поддршка на дефинирање на нова буџетска програмска структура ориентирана кон резултати и нов начин на буџетско планирање кое подобро ќе се поврзе со стратешкото планирање, реформа на јавните финансии, среднорочно буџетско планирање и планирање на развојот. За време на мисиите се работеше на усогласување на дефинициите, структурата, постоечките документи поврзани со стратешкото планирање и програмска буџетска класификација.

Работни состаноци се оддржаа со Сектор за стратешко планирање при Генерален секретаријат на Влада, Државниот завод за ревизија и Службата за внатрешна финансиска контрола при Министерството за финансии. Во оваа област експертите исто така дадоа препораки како да се поврзе новата програмска структура со стратешкото планирање со што врската помеѓу нив ќе се зајакне. За време на мисијата беше констатирано дека работниот метод за дефинирање на програмска класификација функционира добро во започнатите пилот сектори (животна средина, транспорт, земјоделство).

Работен состанок со раководителот на Секторот буџет и фондови и други претставници од Секторот беше организиран со цел да се разменат најдобрите практики и искуства меѓу Македонија и Словенија.

## Финализирање на сектор - Транспорт



*Финализирање на сектор транспорт*

Во периодот 16 - 19 мај 2016 г. Грегор Фичко од Словенија заедно со буџетските аналитичари од Секторот за буџетот и фондови, работеше на финализирање на нацрт-програмскиот буџет за политиката за транспорт.

Главната цел на оваа експертска мисија беше да се проверат и финализираат целите и индикаторите заедно со буџетскиот корисник - Министерството за транспорт, како и да се дефинираат дополнителни цели и индикатори на ниво на потпрограмата. Исто така за време на мисијата, беа разгледувани и избраните активности во потпрограми.

## Исполнување на одредница 4: Извештај за анализа на постоечки стратешки и правни документи во клучните области на буџетските корисници и препораки за програмска класификација

Крајниот резултат од активноста 1.1 е Извештај за анализа на постоечките стратешки и правни документи во рамките на буџетските корисници од најголемите сектори со препораки за изработка на програмска буџетска класификација. Во извештајот се анализира моменталната состојба во Македонија кога станува збор за програмско буџетирање, буџетирање ориентирано кон резултати и стратешко планирање. Исто така накратко се објаснува и теоретската позадина на програмско буџетирање. Во вториот дел од извештајот, исто така, се објаснува, каков вид на пристап се предлага за понатамошно дефинирање на програмска буџетска структура за Македонија – од тука извештајот делува како многу практичен прирачник за понатамошната работа на проектот.

Како појдовна точка е земена класификација на 10 области на политики, со три нивоа (политика, програма, подпрограма) вклучувајќи цели и индикатори. Класификацијата по политики не ја следи организациската класификација – односно може да постојат неколку буџетски корисници кои придонесуваат кон една област на политика или програма. Од друга страна, еден буџетски корисник може да придонесува кон една или повеќе политики или програми. Сепак, се препорачува сите потпрограми и делови од програми да имаат јасна сопственост и јасен буџет по буџетски корисник. Новата програмска класификација на буџетот со целите и индикаторите треба да биде стабилна во текот на одреден временски период, со цел да може да се направи споредба, но тоа исто така треба да овозможува и флексибилност во случај да има промена во приоритетите.

Повеќе информации за Извештајот може да се најдат на следниот линк:
http://finance.gov.mk/files/u6/%D0%9A%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%BA%D0%BE%20%D1%80%D0%B5%D0%B7%D0%B8%D0%BC%D0%B5%20%D0%BE%D0%B4%20%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%D0%BE%D1%82%201.1.pdf

## Подготовка и дефинирање на кохерентна програмска буџетска структура за државниот буџет



*Тренинг за буџетски аналитичари*

Активноста 1.2 започна со имплементација. Првата мисија со доста прагматичен пристап кон изготвување програмска класификација беше имплементирана од страна на г-ѓа Катја Лаутар, г-ѓа Ирена Ростан и г-дин Франци Клузер од Словенија во периодот 25 - 27 мај 2016 година. Фокус на мисијата беше подготовка и спроведување на обука за буџетските аналитичари од Секторот за буџет и фондови, завршување на пилот секторите во областа на земјоделството и животната средина, како и започнување нови сектори за труд и социјална политика и внатрешна и надворешна безбедност и правда (први работни средби).

Обуката за буџетските аналитичари беше организирана на 26 мај 2016 година, а на неа учествуваа 15 учесници. На обуката се презентираше пристапот и избраните методите за планирање на нова програмска буџетска структура, како и практични искуства од избраните пилот сектори земјоделство, животна средина и транспорт. Исто така беше презентиран и пристапот кој се базира на три нивоа и поврзувањето на стратешкото планирање. Цел на оваа обука беше да се помогне во процесот на подготовка и дефинирање на кохерентна програмска буџетска структура за државниот буџет и да им се овозможи на учесниците да се запознаат со работата завршена во пилот секторите, да се споделат практични примери за проблеми со кои е можно да се сретнат при дефинирањето на програми, потпрограми, цели и индикатори. Обуката се спроведе под раководство на словенечките експерти, а истата беше практично имплементирана од страна на буџетските аналитичари кои работеа на пилот секторите.

## Зајакнување на среднорочно буџетско планирање

Во периодот 18 - 21 април 2016 година, г-дин Бенедикт Гамилшег од Австрија спроведе мисија која се фокусираше на продолжување на практичната работа во полето на градење на среднорочно планирање на буџетот и среднорочна рамка на расходи на принципот чекор по чекор за да се исполнат барањата на ЕУ. Исто така, се дискутираше и за независен мониторинг на фискалните правила.




*Г-дин Бенедикт Гамилшек*

Работата за време на мисијата се темелеше главно на одговорите добиени од Министерството за финансии, а на претходно поставените „домашни задачи„.За време на оваа мисија посебен акцент беше ставен на следниве прашања во врска среднорочна рамка на расходи: каква треба да биде временската рамка; колку обврзувачки или индикативен може да биде пристапот; што би можело да се препорача за класификациите презентирани во Фискалната стратегија, тука вклучувајќи и поврзаност со програмското буџетирање. Исто така се разговараше за практики за креирање на „стабилни политики„ за различни сценарија, од најниско до највисоко ниво.

До Министерството за финансии беа доставени препораки од мисијата.

Г-ца Аника Клименко и г-ѓа Таина Екштајн од Финска имплементираа мисија во периодот 09 - 14 Мај 2016 година. Работата за време на оваа мисија, исто така, се темелеше врз добиените одговори на "домашните задачи" од Министерството за финансии. Фокус се стави врз покриеноста на среднорочната рамка на расходи по сектори и по расходни ставки како што се цикличните трошоци и трошоците за камата; флексибилните ставки; како и прашањето како треба да се справиме со инфлацијата во среднорочната рамка на расходи. Во рамки на мисијата беа организирани средби со Секторот за буџет и фондови. До Министерството за финансии беа доставени препораки од мисијата

Експертите, исто така работеа и на поддршка на крајниот резултат од оваа активност Б13 Изготвување на Извештај за процесот на тековниот буџет, практики и капацитетот на Секторот за буџет и фондови и други буџетски институции на централно ниво за среднорочно планирање на буџетот.

## Продолжување на активности во рамки на Компонента 2



*Работен состанок оддржан на 10.05.2016*

Г-дин Лаури Таро од Финска имплементираше мисија во рамки на Активност 2.3.

За време на мисијата се работеше на проценка на моменталната состојба на полето на среднорочно предвидување на приходите (на пример, процесот и соработката помеѓу разлилчните сектори и другите институции). Организирана беше и работилница на која се презентираше финското искуство и работата на работната група за проектирање на приходите. Експертот исто така, работеше на креирање на образци за проценка на приходите. Беа креирани и Excel-табели каде би можеле да се забележат нови промени во делот на даноци кои имаат ефект врз буџетот на различни нивоа (потабели за проценка на влијание на годишно ниво на буџет и на ниво на кеш); како и табела каде сите даноци и други приходи се прикажани, а која ќе може да ја користи работната група за приходи.

За време на мисијата, исто така, се направи и follow up на домашната задача дадена за време на првата мисија од активност 2.3 како и проценка на не-даночните приходи. Прирачникот, кој беше даден како домашна задача од претходната мисија во февруари, е во завршна фаза на подготовка, а наскоро се очекува да се финализира и предаде за превод. Во следните мисии (кога истиот ќе биде преведен на англиски јазик) експертите ќе може да дадат повеќе препораки на ова поле.

Проектот е финансиран од Европската Унија

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. За содржината на истата е одговорен Твининг проектот МК11 IB FI 01 и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија.